**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРОСПЕКЦИСКИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МЕТАЛИЧНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ 2/2026**

**Скопје, Јуни 2026 година**

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24, 241/24, 258/25 и 96/26), член 7-а став 3 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16,

189/16, 7/19 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24, 49/25 и 96/26), и Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини бр.50-10567/13 од 23.12.2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.260/25), Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРОСПЕКЦИСКИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МЕТАЛИЧНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**
**2/2026**

1. Концедент е Република Северна Македонија - Владата на Република Северна Македонија.

2. Предмет на овој јавен повик е доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини на просторот од Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини бр. 50-10567/13 од 23.12.2025 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.260/25), и тоа:
   - „Север-Североисток" кој ги опфаќа општините: Кратово, Крива Паланка, Кочани и Македонска Каменица.

3. Концесијата за проспекциски геолошки истражувања се доделува за период од две години за метални минерални суровини.

4. Право на учество на Јавниот повик имаат сите домашни и странски правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија и конзорциуми кои ќе преземат тендерска документација преку електронскиот систем www.e-koncesii.mk и ќе ги исполнат условите согласно утврденото во тендерската документација.

5. Во тендерската документација се содржани податоците поврзани со локалитетот на кој се доделува концесијата за вршење на проспекциски геолошки истражувања, како и вредноста на концесискиот проект изразена како почетна вредност на концесијата и условите кои треба да се исполнат од страна на концесионерот.

6. Понудувачите задолжително преку системот www.e-koncesii.mk треба да ја достават скенирана следнава документација за докажување на личните, професионалните и финансиските услови кои треба да се исполнат за учество на Јавниот повик:
   1) Документ за регистрирана дејност и тековна состојба
      - за домашни правни лица: документ за регистрирана дејност и тековна состојба издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
      - за странски правни лица: документ од надлежен орган - потврда дека се наоѓа на официјалниот трговски регистар кој се води од страна на надлежен орган на државата или потврда од надлежен орган за сертификација кој ги исполнува условите пропишани со закон;
   2) Информација за економско - финансиска состојба на субјектот
      - за домашни правни лица: Информација за економско - финансиска состојба на субјектот која ја издава Централниот регистар на Република Северна Македонија. Доколку правното лице е регистрирано во период пократок од овој, се доставуваат финансиски извештаи за периодот од регистрацијата;
      - за странски правни лица: позитивен ревизорски извештај издаден од реномирана ревизорска институција регистрирана за вршење на ревизија. Ревизорскиот извештај да содржи податоци за вкупното економско работење на странскиот понудувач за последната година. Доколку правното лице е регистрирано во

период пократок од овој, финансиските извештаи да се доставаат за периодот од регистрацијата;

3) Уверение за платени даноци и придонеси
   - за домашни правни лица издадено од Управа за Јавни приходи на Република Северна Македонија;
   - за странски правни лица документ издаден од надлежен орган на домицилната држава.

4) документ дека над лицето не се води постапка за стечај
   - за домашни правни лица документ издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
   - за странски правни лица документ издаден од надлежен орган на домицилната држава.

5) документ дека над лицето не се води постапка за ликвидација
   - за домашни правни лица издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
   - за странски правни лица издаден од надлежен орган на домицилната држава.

6) документ дека не му е изречена казна за кривично дело:
   - за домашни правни лица Информација за кривична судска одлука издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
   - за странски правни лица издаден од надлежен орган на домицилната држава.

7) документ дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење на одделна дејност;
   - за домашни правни лица издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
   - за странски правни лица издаден од надлежен орган на домицилната држава.

8) изјава, заверена на нотар од одговорното лице во правното лице дека на правното лице или член на негов орган на управување или надзорен орган во последните пет години не му била изречена правосилна судска пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари; (АНЕКС Ѓ)
   - за странските понудувачи потребно е таквата изјава да биде заверена од нотар, или од друг орган доколку во домицилната држава постои таква институција која врши заверка на таков вид на изјави.

**9)** Изјава, заверена на нотар, дека на правното лице вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија, во последните пет години не му била одземена концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерална суровина како и дека претходно учествувало на јавен повик за доделување концесија за вршење проспекциски геолошки истражувања, детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини и не го платил понудениот надоместок, како и правно лице кое е поврзано со тоа правно лице. Како поврзани се сметаат случаите кога правните лице се во меѓусебни блиски врски и си остваруваат меѓусебна контрола на начин и под услови утврдени со Законот за банки. (АНЕКС З)

10) за конзорциум потребно е секој член на групата да ги исполнува сите лични, професионални и финансиски услови од оваа точка.

Само понудите од понудувачите кои се оценети за способни ќе бидат предмет на евалуација.

7. Понудувачите задолжително преку архивата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (Ул. Македонија бр.27, Скопје) треба да ја доставaт Тендерската гаранција во оригинал, согласно тендерската документација.

8. Целокупната понуда треба да биде на македонски јазик. Придружната документација кон понудата, која се бара согласно тендерската документација, треба да биде скенирана во боја од оригинал. Доколку се работи за странски понудувачи, оваа документација треба да биде преведена од овластен судски преведувач на македонски јазик. Документацијата не треба да биде постара од 6 месеци од денот на отворањето на Јавниот повик, освен Ревизорскиот извештај.

9. Секој понудувач може да достави само една понуда за наведениот локалитет од јавниот повик.

10. Тендерската документација се превзема електронски од веб порталот: www.e-koncesii.mk. Право на превземање на тендерската документација има секој субјект кој ќе се регистрира на веб порталот: www.e-koncesii.mk. Право на учество во понатамошната постапка на Јавниот повик има секој регистриран субјект на веб порталот: www.e-koncesii.mk, кој подигнал тендерска документација, аплицирал со своја понуда и доставил доказ за извршена уплата за превземената тендерска документација.

11. Понудите треба да се со важност од една година сметано од датумот на јавното отварање. За аплицирање на јавниот повик, заинтересираниот понудувач е должен да уплати неповратни средства во висина од 6.000,00 (шест илјади) денари, да ја скенира уплатницата и да ја прикачи преку системот на www.e-koncesii.mk.
    Уплатата треба да се изврши во корист на Буџетот на Република Северна Македонија, со назнака: за тендерска документација за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метлични минерални суровини по Јавниот повик 2/2026:
    **Трезорска сметка: 100000000063095**
    **Уплатна сметка: 840_____06163**
    **Приходна шифра и програма: 724125-00**
    **Депонент: Народна Банка на Република**
    **Северна Македонија**
    **Даночен број: 4030000392597**

    **За странски понудувачи:**
    **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини**
    **Народна банка на Република Северна Македонија**
    **Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.1**
    **1000 Скопје, Република Северна Македонија**
    **SWIFT BIC: NBRM MK 2X**
    **IBAN: MK07 1007 0100 0201 445**
    **За странски понудувачи кои не се членови на СЕПА:**
    **COMMERZBANK AG**
    **Kaiserstrasse 16**
    **60311 Frankfurt am Main**
    **GERMANY**
    **BIC:COBADEFF**

12. Понудата се доставува преку порталот www.e-koncesii.mk, односно само Тендерска гаранција во оригинал се доставува и преку архивата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (Ул. Македонија бр.27, Скопје).

13. Рокот за поднесување на понуди и Тендерска гаранција е најдоцна до 31.07.2026 година до 10.00 часот.

14. Јавното отварање на понудите ќе се изврши на 31.07.2026 година во 10.00 часот, во просториите на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини со адреса Ул.Македонија бр.27, 1000, Скопје. Ќе се разгледуваат само понудите доставени преку системот www.e-koncesii.mk и тендерската гаранција доставена преку архивата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

15. Понудениот пакет треба да го содржи следното:
    - Писмо за понуда;
    - тендерска гаранција;
    - спецификација и предмер /пресметка на предвидените работи и
    - документите со кои се докажуваат исполнувањето на личните, професионалните и финансиските услови на понудувачот, наведени во точка 6 од овој јавен повик.

16. При изборот на најповолниот понудувач ќе бидат разгледувани само понудите кои ја содржат комплетната документација пропишана во Тендерската документација.

17. Критериум според кој ќе се врши изборот на најповолна понуда е највисок понуден концесиски надоместок, но не помал од почетната цена за локалитетот на минералната суровина предмет на овој јавен повик.
    Услов за вреднување на понудите е уредна Тендерска гаранција.

18. Јавното наддавање преку системот за електронска аукција www.e-koncesii.mk, ќе се одржи на 06.08.2026 година од 10:00 часот.

19. Обврските на концесионерот ќе бидат определени во Договорот за концесија за проспекциски геолошки истражувања. Концесионерот е должен проспекциските геолошки истражувања да ги врши во согласност со важечките закони и прописи во Република Северна Македонија.

20. Владата на Република Северна Македонија: може да врши изменување и дополнување на тендерската документација најдоцна 15 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, да не го додели концесијата или целосно да ја прекине постапката.

21. Начин на евалуација на понудите:

Доставувањето на понудите се прави преку порталот www.e-koncesii.mk, односно само Тендерска гаранција се доставува преку архивата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Евалуација се прави на сите понуди доставени до 31.07.2026 година до 10:00 часот.
Евалуацијата на понудите ќе се одвива во два чекори, и тоа:
Во првиот чекор се проверува комплетноста и валидноста на Задолжителната документација.
Ако се утврди дека документацијата не е комплетна, финансиската понуда не се разгледува и на понудувачот не му се дозволува учество во електронското наддавање.
Во вториот чекор, по утврдувањето на комплетноста и валидноста на документацијата од страна на Комисијата, се разгледува финансиската понуда и се одобрува пристап во системот за учество во електронското наддавање. Секој понудувач во системот може да го види неговиот тековен ранг во однос на финансиските понуди и може да наддава согласно дефинираните правила објавени во системот www.e-koncesii.mk.

Комисијата ќе подготви Извештај од евалуацијата на понудите, во кој што ќе бидат опишани процедурата од текот на евалуацијата, електронската аукција (наддавањето), евентуалните забелешки и образложенијата на Комисијата.

22. Надлежен орган за решавање по жалби во постапката за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метлични минерални суровини е Државната комисија за жалби по јавни набавки (бул. „Кирил и Методиј“ бр.54 кат 3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија). Жалба може да се изјави во рок од осум дена од денот на:
    - објавувањето на Јавниот повик за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метлични минерални суровини во однос на податоците, дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од Јавниот повик;
    - евалуација на понудите, во однос на дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија поврзани со тендерската документација, односно постапката за евалуација на понудите и наддавање;
    - прием на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на концесија за вршење на проспексциски геолошки истражувања на доделување на метлични минерални суровини, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката и
    - сознанија за незаконско водење на постапка за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метлични минерални суровини, најдоцна во рок од една година од денот на завршување на спроведената постапка.

23. За сите прашања поврзани со овој јавен повик заинтересираните кандидати можат да се обратат кај овластените лица за контакт:

**Љупче Ефнушев**
**e-mail: Ljupce.Efnusev@energy.gov.mk**

**Јетон Кучи**
**e-mail: Jeton.Kuci@ energy.gov.mk**

**Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки**
**истражувања на метлични минерални суровини**